Врз основа на член 11 став (1) алинеја 2 и член 67, став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2008) министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК

## за **идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата**

**Пречистен текст**[1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

**Предмет на правилникот**

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми за просторните услови, опремата, уредите и кадрите кои треба да ги исполнат правните лица кои ги извршуваат постапките за (вршење на работите на) идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, постапките за извршување на работите на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, начинот и постапката за донесување и одземање на решението за овластување на правното лице за технички преглед за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, групите на категории возила за кои се издава овластување за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, формата и содржината на согласноста за регистрација, начинот и постапката на полагање на стручниот испит, формата и содржината на образецот на потврдата за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит, програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденција за спроведените стручни испити **и висината на трошоците за полагање на стручниот испит за вршење на работите во постапката на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и нивната распределба.**

Член 2

**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

„Идентификација” е постапка во која се утврдува истоветноста на возилото и неговите основни технички податоци со помош на приложената документација и/или со проверка на податоците во регистарот на податоци на возила.

„Оцена на техничката состојба на возилото” е постапка во која визуелно се проверува неговата целосност и способност за безбедно возење во сообраќајот на патиштата, односно за безбедна работа при извршувањето на земјоделски и шумски работи, како и проверка дали возилото не било преправено, односно поправано во согласност со член 19 од Законот за возила.

---

[1] Прочистениот текст на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата ги опфаќа: основниот текст на Правилникот објавен во „Службен весник на РМ“ бр.131/09; Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата објавен во „Службен весник на РМ“ бр.16/10; Правилникот за изменување на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата објавен во „Службен весник на РМ“ бр.105/10; Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата објавен во „Службен весник на РМ“ бр.132/12; Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата објавен во „Службен весник на РМ“ бр.170/14; Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата објавен во „Службен весник на РМ“ бр.106/16;

Член 3
**Област на примена на идентификацијата**

Постапката за идентификација на возилата се спроведува во рокови и за возила утврдени со член 24 од Законот за возила.

Член 4
**Област на примена на идентификација и оцена на техничка состојба на возилото**

(1) Постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата се спроведува за нови возила за кои типот е одобрен во согласност со хармонизираните прописи за ЕУ одобрување на тип, како и за возило за кое типот е одобрен во Република Македонија, а за конкретното возило странката нема обезбедено потврда за сообразеност издадена од застапникот на производителот во Република Македонија.

(2) Постапката од ставот (1) на овој член може да се спроведе само ако техничките барања врз основа на кои е добиено ЕУ одобрување на тип, односно одобрување на типот во Република Македонија, се најмалку на нивото на техничките барања кои се во примена за соодветното возило.

(3) Листата на техничките спецификации, еквивалентните со нив правилници на ECE за возилата, во постапката за идентификација и оцена на техничката состојба, како и временскиот период за нивна примена е дадена во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

(4) Во случај кога во постапката на идентификација и оцена на техничката состојба се утврди дека возилото е преправено или поправено, постапката се прекинува, а одобрувањето на возилото, согласно одредбите од член 57 став (1) алинеја 3 од Законот за возила може да продолжи кај техничката служба.

(5) Во случај кога во постапката на идентификација и оцена на техничката состојба се утврди дека возилото не е означено со идентификациски ознаки (број на шасија и број на мотор) постапката се прекинува, а одобрувањето на возилото, согласно одредбите од член 20 од Законот за возила може да продолжи кај техничката служба.

II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА СОГЛАСНОСТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

Член 5
**Согласност за регистрација**

(1) При позитивно извршена постапка за идентификација или позитивно извршена постапка за идентификација и оцена на техничката состојба за возилото се издава Согласност за регистрација.
(2) Во случај кога во возилото од страна на производителот е вграден уред (систем) за погон со гасно гориво, во Согласноста за регистрација задолжително се внесуваат ознаките за одобрување на компонентите (системите, составните делови и самостојните технички единици) на уредот за погон на возилото со гасно гориво.
(3) Формата и содржината на Согласноста за регистрација за возилата од категориите M, N,O и L е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.
(4) Формата и содржината на Согласноста за регистрација за земјоделски и шумски трактори и тракторски приколки е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

III. ГРУПИ НА КАТЕГОРИИ НА ВОЗИЛА

Член 6
**Групи на категории на возила**

(1) Постапката за идентификација и постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, за поедини групи на категории возила во име на

органот за одобрување, ги спроведува правно лице за технички преглед врз основа на посебно овластување или техничка служба.

(2) Групите на категории возила за кои може да се овласти правното лице за технички преглед, за вршење работи во постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата се утврдени во Правилникот за начинот и постапката за донесување и одземање на решението за овластување на правното лице за технички преглед на возила и за групи на категории на возила за кои се издава овластување за технички преглед на возила („Службен весник на Република Македонија" број 82/2009).

(3) Овластувањето за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата се доделува за една или повеќе категории на возила, но само во рамките на категориите на возила за кои важи овластувањето што го има правното лице за вршење на технички преглед на возилата.

(4) Техничката служба извршува и задачи на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба за возилата за кои е овластена како техничка служба.

## IV. ПОСТАПКИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ОЦЕНА НА ТЕХНИЧКАТА СОСТОЈБА

### Член 7
### **Тек на постапката за идентификација**

Постапката за идентификација се состои од :

1. Прием на барањето поднесено согласно одредбите од **член 24** став (1) од Законот за возила;
2. Преглед на доставената документација за постапката за идентификација;
3. Обработка на податоците за изработка на Согласност за регистрација;
4. Изготвување на Согласност за регистрација или писмо за одбивање и
5. Архивирање на документацијата, внесување на податоците во евиденцијата и нивно испраќање до органот за одобрување.

### Член 8
### **Прием на барањето и документи за постапката за идентификација**

Постапката за идентификација започнува со прием на барањето и проверка на комплетноста на документацијата која ја доставува барателот, а која се состои од:

1. Фотокопија од претходната сообраќајна дозвола со оригинал за увид (за возилата што претходно биле регистрирани);
2. Фотокопија од потврдата за сообразност за ЕУ одобрување на возилото - Certificate of conformity, издаден од непосредниот производител на возилото (во понатамошниот текст: COC) за ново возило со оригинал за увид, односно COC за половно возило (доколку со таквото возило е издаден), со оригинал за увид или се доставуваат други документи или други докази (посебно ако се работи за возило кое што не е наменето за европскиот пазар или за возило што не е изработено според хармонизираните европски прописи) од кои е можно да се земат валидни податоци за идентификација на возилото кои се потребни за изведување на постапката за идентификација и изготвување на Согласност за регистрација;
3. Доказ за исполнување на условите од **член 24 став (1) точки 4) и 5) од Законот за возила**, издаден од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи.
4. **Доказ за статусот на хуманитарната организација од членот 24 точка 6 од Законот за возила, издаден од надлежен државен орган**.

5. **Потврда за отворање на постапка за идентификација издадена од органот за одобрување со која се потврдува исполнетоста на статусот на барателот согласно одредбите од членот 24 од Законот за возила**.
6. **Доказ за регулирани царински обврски за возилото**.

Член 9

**Преглед на доставената документација за постапката за идентификација**

(1) Со прегледот на документацијата се врши проверка на нејзината оригиналност и се врши оцена дали доставените документи содржат доволно јасни податоци врз основа на кои може да се изготви Согласноста за регистрација.
(2) Во Согласноста за регистрација одделни податоци се пополнуваат користејќи ги расположивите податоци од сообраќајната дозвола, вклучувајќи ги евидентираните промени.
(3) Доколку во доставената документација нема доволно податоци за идентификација на возилото за изготвување на Согласноста за регистрација, барателот треба да достави дополнителни документи од кои може да се утврдат податоците кои се потребни во постапката.
(4) Во случај кога се работи за возила од став (3) од овој член, кога за таквото возило од страна на органот за одобрување е издадено одобрение за тип возило, идентификацијата се извршува со користење на податоци од Регистарот за возила.
(5) Доколку постапката на идентификација се одвива врз основа на ЕУ потврда за сообразност (COC документ), податоците за возилото потребни за согласноста за регистрација се превземаат од COC документот.
(6) За внесување на ознаките за одобрување на компонентите (системите, составните делови и самостојните технички единици) на уредот за погон со гасно гориво во согласноста за регистрација се користи оригинална документација од производителот на возилото во која се наведени податоци за гасниот уред.
(7) За комплетирање на податоците потребни за изготвување на согласноста за регистрација овластеното правно лице за водење на постапката може да користи податоци од производителот обезбедени преку интернет или на друг начин.
(8) Во посебни случаи постапката за идентификација може да се изведе и да се издаде Согласност за регистрација и кога за возилото не можат да се обезбедат еден или повеќе податоци, но таквите податоци не можат да се однесуваат на: марка, комерцијална ознака на возилото, бројот на шасијата (идентификациониот број), категорија и вид на возилото, број на оски, зафатнина и силина на моторот и број на седишта (ознаки на податоците во согласноста за регистрација: D.1; D.3; E; P.1, P.2 и S.1). Во рубриките на Согласноста за регистрација за податоците кои не може да се обезбедат се внесува текст: „Непознато”.

Член 10

**Тек на постапката за идентификација и оцена на техничката состојба**

Постапката за идентификација и оцена на техничката состојба се состои од:

1. Прием на барањето;
2. Преглед на доставената документација и вршење на идентификација на возилото преку доставените документи;
3. Вршење на идентификација на возилото преку преглед на истото;
4. Обработка на податоците за изготвување на Согласност за регистрација;
5. Изработка на Согласност за регистрација или писмо за одбивање; и
6. Архивирање на документацјата и внесување на податоците во евиденцијата и нивно испраќање до органот за одобрување.

**Член 11**

**Прием на барањето и документи за постапката за идентификација и оцена на техничката состојба**

Постапката за идентификација и оцена на техничката состојба започнува со прием на барањето и проверка на комплетноста на документацијата која ја доставува барателот, а која се состои од:

1. Фотокопија од претходната сообраќајна дозвола со оригинал за увид (за половните возила);
2. Фотокопија од потврдата за сообразеност за ЕУ одобрување на возилото - Certificate of conformity, издаден од непосредниот производител на возилото (во понатамошниот текст: COC) за ново возило, а исто така и COC документ за половно возило (доколку со таквото возило е издаден), со оригинал за увид или се доставуваат други документи од кои може сигурно да се утврди дека конкретното возило како тип,

варијанта и изведба е опфатено во Регистарот за возила на Република Македонија, односно дека органот за одобрување има издадено сеуште важечко одобрение за таквиот тип, варијанта и изведба на возило и

3. Доказ за регулирани царински обврски за возилото.

### Член 11- а

**(Сл. весник на РМ бр.132/12)**

(1) За тракторите и тракторските приколки, мотокултиваторите, приколките за домување, како и возилата од категориите O1, O2 и L, за кои се спроведува постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото, постапката започнува со поднесување на барање за добивање на Согласност за регистрација.

(2) За изготвување на Согласноста за регистрација овластеното правно лице за водење на постапката ко- ристи податоци непостредно од самото возило (тракторот и/или тракторската приколка) како и податоци од производителот обезбедени преку интернет или на друг начин. (3) Во посебни случаи постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата може да се изведе и да се издаде Согласност за регистрација и кога за возилото не можат да се обезбедат еден или по- веќе податоци, но таквите податоци не можат да се однесуваат на: марка, комерцијална ознака на возилото, бројот на шасијата (идентификациониот број), категорија и вид на возилото, број на оски, зафатнина и сили- на на моторот и бројот на седишта (ознаки на податоците во согласноста за регистрација: D.1; D.3; E; P.1, P.2 i S.1). Во рубриките на Согласноста за регистрација за податоците кои не може да се обезбедат се внесува текст: „Непознато“.

(4) Кон барањето од став (1) на овој член, подносителот на барањето приложува доказ за сопственост, или изјава заверена на нотар, во која подносителот под целосна материјална и кривична одговорност ќе изјави дека совесно го владеел возилото од став (1) на овој член, и дека за истото не се води друга постапка пред надлежен суд.

(5) Кон барањето од став (1) на овој член подносителот на барањето ќе ги приложи сите расположливи докази кои ги поседува за возилото од став (1) на овој член (сертификати, потврди, копија од претходни документи доколку такви за возилото биле издавани од одделни органи во странство, или во Република Македонија, фотокопија од претходната сообраќајна дозвола со оргинал за увид, царински документи, доколку возилото е од увоз и слично).

(6) Овластеното правно лице кое ја води постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, покрај доставените документи со барањето, користи податоци непосредно од возилата, како и податоци од производителот обезбедени преку интернет или од стручна литература за возила.

(7) Овластеното правно лице кое ја води постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, оценува дали се исполнети базните технички барања (присутност и функционалност) согласно Прилог 8 кој е составен дел на овој правилник.

(8) Ако се исполнети техничките барања од став (7) на овој член, овластеното правно лице кое ја води постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од став (1) на овој член, може да изде Согласност за регистрација.

(9) Ако не се исполнети техничките барања од став (7) на овој член, овластеното правно лице кое ја води постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од став (1) на овој член, на подносителот на барањето му издава писмо за одбивање.

**Член 11- б**

**(Сл. весник на РМ бр.106/16)**

(1) За мобилните машини, за кои се спроведува постапка за идентификација и оцена на техничката состојба на мобилна машина, постапката започнува со поднесување на барање за добивање на Потврда за утврдени минимално-технички и експлоатациони карактеристики за мобилната машина.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член подносителот на барањето приложува доказ за сопственост, или изјава заверена на нотар, во која подносителот под целосна материјална и кривична одговорност ќе изјави дека совесно ја владее мобилната машина од став (1) на овој член и дека за истата не се води друга постапка пред надлежен суд.

(3) Кон барањето од став (1) на овој член подносителот на барањето ќе ги приложи сите расположливи докази кои ги поседува за мобилната машина (изјава за сообразност, сертификат за сообразност на машината согласно директивата за машини, техничко досие за машината, копија од претходните документи доколку такви за машината биле издавани од одделни органи во странство, или во Република Македонија, фотокопија од претходната сообраќајна дозвола со оргинал за увид, царински документи, доколку машината е од увоз и слично).

(4) Овластеното правно лице за водење на постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на мобилната машина, покрај доставените документи со барањето користи податоци непосредно од мобилната машина, како и податоци од производителот обезбедени преку интернет или од стручна литература за мобилни машини.

(5) Со постапката на идентификација и оцена на техничката состојба на мобилната машина, овластеното правно лице кое ја води, утврдува дали се исполнети техничките барања од Прилог 1, точка 3 од Правилникот за безбедност на машини („Службен весник на Република Македонија” бр.123/09, 113/11 и 103/12).

(6) При исполнетост на барањата од став (5) на овој член овластеното правно лице за водење на постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на мобилната машина издава Потврда за утврдени минимално-технички и експлоатациони карактеристики за мобилната машина, која е дадена во Прилог 9 кој е составен дел на овој правилник.

(7) Доколку не се исполнети барањата од став (5) на овој член овластеното правно лице за водење на постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на мобилната машина на поднесителот на барањето му издава писмо за одбивање.

**Член 12**

**Преглед на доставената документација во постапката за идентификација и оцена на техничката состојба**

(1) Со прегледот на документацијата за возилото се врши оцена дали врз нејзина основа може со сигурност да се утврди дека конкретното возило спаѓа во возилата опфатени во член 4 ставови (1) и (2) од овој правилник.

(2) Доколку возилото не спаѓа во возилата опфатени со членот 4 ставови (1) и (2) од овој правилник, постапката за идентификација и оцена на техничката состојба се прекинува.

Член 13

**Преглед на возилото во постапката на идентификација и оцена на техничката состојба**

(1) Прегледот на возилото опфаќа активности со кои се постигнува сигурна идентификација и убеденост дека сите делови, уреди и самостојни технички единици од возилото одговараат на состојбата во која истото било произведено.
(2) Со прегледот од став (1) на овој член се утврдува дали на возилото се вршени некои од евидентираните промени на возилото опфатени во членовите 19 и 54 од Законот за возила.
(3) Податоците во идентификационен број на возилото (VIN ознаката) за возилото треба да бидат идентични со податоците од Регистарот за возила, во случај на возило чиј тип, варијанта и изведба се одобрени во Република Македонија. За возилата кои се одобрени согласно хармонизираните прописи за ЕУ одобрување, споредбата се прави со COC (за новите возила), односно со COC и сообраќајната дозвола (за половните возила). На задолжителната таблица од возилото се проверуваат податоци за идентификација како што се: производител, број на ЕУ одобрение (доколку постои), идентификационен број на возилото, најголема дозволена маса, дозволено оптоварување по оски и слично.
(4) Доколку со прегледот од став (1) на овој член се утврди дека возилото има вграден уред за погон со гасно гориво, врз основа на податоците во регистерот, односно во COC - документот се проверува дали типот на возилото, варијантата и изведбата се одобрени заедно со таквиот уред.
(5) Доколку возилото за кое се води постапката за идентификација и оцена на техничката состојба, по основа на одобрен тип во Република Македонија, има вградено уред за погон со гасно гориво, а истиот тип, варијанта и изведба не е одобрен во Република Македонија со вграден таков уред, постапката се прекинува.
(6) Доколку возилото за кое се води постапката за идентификација и оцена на техничката состојба, по основа на тип одобрен во согласност со хармонизираните прописи за ЕУ одобрување, има вградено уред за погон со гасно гориво, а истиот тип, варијанта и изведба не е одобрен во согласност со хармонизираните прописи за ЕУ одобрување на тип со вграден таков уред, постапката се прекинува.
(7) Доколку при оцена на техничката состојба на возилото се воочат евидентирани промени на возилото, согласно став (2) од овој член, кои отстапуваат од декларираните податоци во документите за идентификација, односно во Регистерот, постапката се прекинува.

Член 14
**Обработка на податоците и изготвување на Согласност за регистрација**

(1) Врз основа на спроведените постапки од членовите 12 и 13 од овој правилник, субјектите од член 6 став (1) на овој правилник, во случај на позитивен наод од COC, односно од Регистерот за возила, преземаат податоци потребни за изготвување на Согласноста за регистрација.
(2) Во случај кога во возилото е вграден уред (систем) за погон со гасно гориво, а возилото како тип, варијанта и изведба е одобрено во Република Македонија или е одобрено во согласност со хармонизираните прописи за ЕУ одобрување, со таков уред, во согласноста за регистрација задолжително се внесуваат и ознаките за одобрување на компонентите (системите, составните делови и самостојните технички единици) на уредот за погон на возилото со гасно гориво. Ознаките се превземаат непосредно од возилото за компонентите наведени во согласноста за регистрација.
(3) Во случај на негативен исход од постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото, овластеното правно лице на странката и издава писмо за одбивање.

Член 15
**Водење на евиденција**

За секоја извршена постапка на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба се изготвува предмет кој ги содржи следните списи:

1. Барање за отворање на постапката;
2. Фотокопија од претходна сообраќајна дозвола (за половно возило);
3. Фотокопија од другите документи кои што се користени во постапките;
4. Фотографии за возилото за постапката на идентификација и оцена на техничката состојба на возилото (кои можат да се чуваат во електронска форма);
5. Фотокопија од Согласноста за регистрација (доколку е издадена), односно од писмото за одбивање (доколку постапката е прекината); и
6. Други документи користени во постапката.

## V. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД КОИ ПОСЕБНО СЕ ОВЛАСТЕНИ ДА ВРШАТ РАБОТИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ОЦЕНА НА ТЕХНИЧКАТА СОСТОЈБА НА ВОЗИЛАТА

Член 16
**Услови**

Овластеното правно лице за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото за секое место на кое врши идентификација и оцена на техничката состојба, поради обезбедување на услови за вршење на работите треба да има:
1. Соодветен затворен работен простор во кој може да се вршат прегледите на возилата, а кој треба да ги задоволи условите во врска со надворешните димензии на возилата и во кој е овозможено непречено работење и вршење преглед на возилата и другите стручни и технички работи согласно постапката;
2. Канцелариски простор кој треба да биде одделен од просторот за вршење на преглед на возилата, соодветно опремен за водење на евиденција и архивирање на документацијата;
3. Соодветна информатичка опрема; и
4. Имплементирани внатрешни процедури за обезбедување квалитет во постапките на работа.
5. Овластеното правно лице за извршување на постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата е независно и непристрасно во однос на субјектите кои се непосредно или посредно поврзани со производите на кои се врши постапката.
6. Овластеното правно лице за извршување на постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата обезбедува доверливост во работата и одговорност за извршената работа.
7. Овластеното правно лице за вршење на работите во постапките за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата треба трајно да ги исполнува условите пропишани со одредбите на Законот за возила и овој правилник.

Член 17
**Процедури за обезбедување квалитет во постапките за работа**

(1) Овластеното правно лице за извршување на постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата изготвува детален опис за изведување на секоја од постапките и обезбедува упатство за работите опфатени во постапките.

(2) Овластеното правно лице за извршување на постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата обезбедува редовна внатрешна контрола на работењето на секој извршител најмалку двапати годишно, кој опфаќа постапка на преглед на работењето на документацијата, по потреба на возилото и ги анализира приговорите и можните жалби.
(3) Врз основа на спроведената внатрешна контрола, овластеното правно лице презема корективни мерки и го следи нивното извршување.

(4) За внатрешната контрола, овластеното правно лице води евиденција која е достапна на органите надлежни за предметната област.

Член 18

**Стручен кадар**

Правните лица за технички преглед кои вршат идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба треба да располагаат со соодветен стручен кадар со следните квалификации:

1. За секое испитно место по најмалку еден вработен со завршен машински факултет, сообраќаен факултет или електро – технички факултет и со работен стаж од најмалку шест месеци од областа на моторните возила за вршење на стручни и технички работи во постапката и

2. Најмалку еден вработен со завршено средно техничко училиште од машинска, сообраќајна или електротехничка насока и со работен стаж од најмалку дванаесет месеци од областа на моторните возила за помагање при прегледот и вршење на административни работи;

VI. СТРУЧЕН ИСПИТ, ПОЛАГАЊЕ, ПРОГРАМА И ЕВИДЕНЦИЈА

Член 19

**Стручен испит**

(1) Кандидатите за извршување на работите во правните лица за технички преглед кои вршат идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и/или машините, треба да положат стручен испит за оспособеност.
(2) Стручниот испит од став (1) на овој член се полага пред комисија формирана од министерот за економија која е составена од претседател и два члена.

Член 20

**Начин и постапка на полагање на стручниот испит**

(1) Пријавувањето за полагање стручен испит за вршење на работите во постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилото се врши со поднесување на пријава до Министерството за економија најдоцна седум дена пред денот на одржување на испитот.
(2) Пријавата од став (1) на овој член ги содржи следните податоци: име и презиме на кандидатот, датум и место на раѓање, адреса на живеалиште или престојувалиште и вид и степен на стручна подготовка за што со постапката на пријавување доставува и докази. Во пријавата се наведуваат групите на категории возила, при што пријавувањето може да се изврши за една и повеќе групи на категории возила утврдени во член 6 став (2) од овој правилник.
(3) Испитот за стручен работник за вршење на работите во постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилото се одржува најмалку двапати годишно. Датумот на одржување на испитот се објавува преку јавниот радиодифузен сервис и на веб страната на Министерството за економија.
(4) Пред почетокот на полагањето на испитот, комисијата го проверува и го утврдува идентитетот на кандидатите преку проверка на документите за идентификација и проверува дали во пријавата се наведени сите податоци од став (2) од овој член.
(5) Испитот за вршење на работите во постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата опфаќа проверка на знаењето по прашања содржани во програмата од член 21 од овој правилник и се полага во два дела.

(6) Првиот дел од испитот е писмен со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите по електронски пат и опфаќа прашања од областа на материјата опфатена во теоретскиот дел од програмата за обука за полагање на стручен испит, а вториот дел од испитот опфаќа презентирање на постапката од практичниот дел од програмата за обука.

(7) Практичниот дел од испитот за спроведување на постапките за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата опфатени со членовите од 7 до 15 од овој правилник се спроведува за конкретните групи на категории возила за кои кандидатот во пријавата има поднесено барање за полагање.
(8) За текот на полагањето на испитот се води записник кој ги содржи следните податоци: состав на испитната комисија, име и презиме на кандидатот, датум и место на раѓање, адреса на живеалиште или престојувалиште, датум на полагање на испитот, прашања на кои одговарал кандидатот и констатација на успехот што го покажал на испитот со оцена „положил" или „не положил".
(9) Записникот од став (8) на овој член го потпишува претседателот и сите членови на испитната комисија
(10) На барање на кандидатот кој го полагал испитот, комисијата му дозволува увид во записникот во рок од 24 часа од часот на соопштување на резултатите од комисијата.
(11) Стручниот кадар што еднаш го положил теоретскиот дел од испитот, а не го положил практичниот дел од испитот може уште еднаш да го полага само практичниот дел од испитот. Доколку и по втор пат не го положи практичниот дел од испитот, при повторно полагање испитот го полага во целост.

Член 21
**Програма за обука за полагање на стручниот испит**

(1) Програмата за обука за полагање на стручниот испит за вршител на работите во постапката на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата ги опфаќа следните области:
- национални и меѓународни прописи за одобрување на возилата, системите, деловите и самостојните технички единици за пуштање на пазар и регистрација на возилата;
- прописи за димензиите, масените и осните оптоварувања на возилата;
- прописи за уредите и опремата на возилата, нивна улога и составни делови
- практично спроведување на постапката на идентификација и постапката на идентификација и оцена на техничката состојба на возилата на реално возило од групите на категории на возила за кои се пријавува.

(2) Содржината на програмата од став (1) на овој член е дадена во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 22
**Потврда за положен испит**

(1) На кандидатот кој го положил испитот му се издава потврда за положен испит.
(2) Потврдата од став (1) на овој член се издава на образец со формат А4 во бела боја кој е даден во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.
(3) На образецот од став (2) на овој член, во горниот дел е отпечатен грбот на Република Македонија и текстот „Република Македонија, Министерство за економија", потврда за положен испит, број на потврдата, презиме, име, датум и место на раѓање, адреса на живеалиште или на престојувалиште, кандидатот го положи стручниот испит според програмата од Правилникот за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и е оспособен да ги врши работите во постапките на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата во согласност со правилникот за следните категории возила, датум на издавање на потврдата, важност на потврдата, потпис и место за печат.

Член 23
**Евиденција**

(1) Евиденција за сите стручно оспособени лица кои го положиле испитот за вршител на работите во постапките на идентификација и идентификација и оцена на

техничката состојба на возилата се води во Министерството за економија и ги содржи следните податоци: име и презиме, датум и место на раѓање, адреса на живеалиште или престојувалиште, вид и степен на стручна подготовка, датум на положен испит, број и рок на важење на потврдата за стручна оспособеност и категории возила за кои положиле.

(2) Евиденцијата на податоците од став (1) на овој член се води во електронска форма за внатрешна употреба во Министерството за економија.

## VI-а. ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ

Член 23-а
**Висина на трошоци**

За полагање на стручен испит се плаќаат трошоци и тоа:

1. за полагање на испитот за една група на категории на возила согласно одредбите од членот 66 став (2) од Законот за возила ....................... 4000 денари.

2. за секое дополнително полагање на испитот за група категории на возила износот од точка 1 на овој став се зголемува за ………………….. … 1500 денари.

3. за полагање на испитот за мобилни машини, согласно одредбите на член 7 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија” бр.39/16) ...................................................................................................2.000 денари.

4. за секое повторно полагање на испитот, што не е положен согласно одредбите од членот 66 став (4) од Законот за возила ………………………………………………………………….. 2000 денари.

5. за проверка на обновено знаење согласно одредбите на членот 66 став (3) од Законот за возила .................. 2000 денари.

## VII. ОВЛАСТУВАЊЕ И НАДЗОР

Член 24
**Издавање на овластување**

(1) Правното лице за вршење на технички преглед за добивање на овластување за вршење на работите во постапката на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и/или мобилни машини до Министерството за економија поднесува барање за овластување за поедини групи на категории возила и/или мобилни машини и доставува докази за целосна исполнетост на барањата за просторот, опремата и кадарот за овластување утврдени со одредбите на членовите 16, 17 и 18 од овој правилник.

(2) Врз основа на приложената документација и со извршен непосреден увид кај барателот министерот за економија, согласно член 62 став (2) од Законот за возила издава решение за овластување.

(3) Во решението за овластување се наведуваат групите на категории возила за кои се однесува овластувањето.

Член 25
**Одземање на овластување**

Министерот за економија може на правното лице за технички преглед, овластено за вршење на работите во постапките за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и/или мобилните машини со решение да му го одземе овластувањето во случаите утврдени во член 65 од Законот за возила.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

(1) Одредбите од членовите 10, 11, 12, 13, 14 и 15 ќе се применуваат од денот на ставање во функција на Регистерот на возила за типски одобрени возила, **или постапката за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата може да се спроведе и врз основа на доказ со податоци за одобрениот тип на возила издаден од органот за одобрувања, односно на основа на податоци за одобрени типови возила објавени на веб страната на органот за одобрување.**

**(1) Во членот 26 се додава нов став (2) кој гласи:**

„(2) За половни патнички возила од категоријата $M_1$ постапката за идентификација и оцена на техничката сотојба во периодот до 31.07.2010, може да се спроведе врз основа на листата на техничките спецификации, еквивалентните со нив правилници на ЕСЕ за возила, дадени во Прилог 6 кој е составен дел на овој правилник, наместо врз основа листата на техничките спецификации, еквивалентните со нив правилници на ЕСЕ за возила од Прилог 1 на овој правилник “.

**(2) Во членот 26 се додава нов став (3) кој гласи:**

**„**(3) За половни патнички возила од категоријата $M_1$ постапката за идентификација и оценка на техничката сотојба во периодот до 31.07.2016, може да се спроведе врз основа на листата на техничките спецификации, еквивалентните со нив правилници на ЕСЕ за возила, дадени во Прилог 7 кој е составен дел на овој правилник, наместо врз основа листата на техничките спецификации, еквивалентните со нив правилници на ЕСЕ за возила од Прилог 1 на овој правилник “.

**(3) Во членот 26 ставот (2) станува став (4).**

(4) Со денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија, постапката за идентификација и оцена на техничката состојба за возилата регистирани во земјите членки на Европската Унија ќе се спроведува согласно одредбите од член 23, ставови (2) и (3) од Законот за возила.

Член 27

**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број : 25-
____ . септември. 2009 година

Скопје

Министер за економија

Фатмир Бесими

Прилог 1

## Листа на техничките спецификации, еквивалентните со нив правилници на ЕСЕ за возилата, во постапката за идентификација и оценка на техничката состојба и временскиот период за нивна примена

Во табела 1 од овој прилог се содржани техничките барања што се применуваат во постапката за идентификација и оценка на техничката состојба за нови и половни возила што спаѓаат во категорите M, N и O.

Во табела 2 од овој прилог се содржани техничките барања што се применуваат во постапката за идентификација и оценка на техничката состојба за нови и половни возила што спаѓаат во категоријата L.

Во табела 3 од овој прилог се содржани техничките барања што се применуваат во постапката за идентификација и оценка на техничката состојба за нови и половни возила што спаѓаат во категорите T, C, R и S.

Табела 1

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТСВ Техничка специфи-кација | Содржина на техничката спецификација | **ЕЦЕ** Правилник | **ЕЕЦ** Директива (основна) барана | Датум на стапување на колона 3, колона 4 | | Категорија на возилата |
| | | | | За нови | За половни | |
| ТСВ 101 | За дозволено ниво на бучавост и за издувниот систем на моторните возила | R 51/02 | (70/157); 96/20, 99/101 | 01.10.1998 | 01.10.1998 | M, N |
| ТСВ 102 | За мерките против загадувањето на воздухот со емисијата од моторните возила | R 83/05<br><br><br>R 103/00 | (70/220); 98/69, 98/77 99/102, 2001/1, 2001/100 | 01.10.2008<br><br><br>01.10.2001 | 01.10.2008<br>01.10.2012<br><br>01.10.2012 | M, N Фаза A<br>Фаза B |
| ТСВ 103 | За резервоарот за гориво и за уредите за заштита од подлетување од назад за моторните возила и нивните приколки | R 34/01<br>R 58/01 | (70/221); 97/19<br>(70/221); 81/333,97/19 2000/8 | 01.10.2004<br>15.01.1988 | 01.10.2007<br>15.01.1988 | M, N, O |
| ТСВ 104 | За просторот за поставување на регистарските таблици и прицврстувањето на задните регистарски таблици на моторните и приклучните возила | - | (70/222) | 01.10.2012 | 01.10.2012 | M, N O |
| ТСВ 105 | За системите за управување за моторните возила и нивните приколки | R 79/01 | (70/311); 92/62, 99/7 | 01.10.2002 | 01.10.2005 | M, N, O |
| ТСВ 106 | За вратите на моторните возила | R 11/02 | (70/387);70/387,70/389, 98/90 | 17.12.1983 | 17.12.1983 | M1, N |
| ТСВ 107 | За уредот за звучна сигнализација на моторните возила | R 28/00 | (70/388);70/388,87/354 | 01.04.1985 | 01.04.1985 | M, N |
| ТСВ 108 | За уредите за посредно гледање кај моторните возила и нивното вградување | R 46/01 | (71/127); 88/321 | 01.10.2001 | 01.10.2001 | M, N |
| ТСВ 109 | За кочење на моторните и приклучните возила | R 13/09<br>R 13H/00 | (71/320); 98/12 | 01.10.2002<br>01.10.2004 | 01.10.2007<br>01.10.2007 | M, N, O |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | R 90/01 | (98/12); 98/12, 2002/78 | 01.10.2001 | 01.10.2001 | |
| TCB 110 | Електромагнетна компатибилност кај возилата | R 10/02 | (72/245); 95/54, 97/24 | 01.10.2002 | 01.10.2007 | M, N, O |
| TCB 111 | За мерките против емисијата на загадувачите од дизел моторите, што се употребуваат во возилата (чадење) | R 24/03 | (72/306); 89/491,97/20 | 05.01.1985 | 05.01.1985 | M, N |
| TCB 112 | За внатрешната опременост на моторните возила | R 21/01 | (74/60); 78/632,2000/4 | 20.07.1991 | 20.07.1991 | M1 |
| TCB 113 | За уредите за заштита од неовластена употреба на моторните возила | R 18/02<br>R 97/01<br>R 116/00 | (74/61); 95/56<br>(74/61); 95/56 | 01.10.2002<br>01.10.2004<br>01.10.2008 | 01.10.2004<br>01.10.2007<br>01.10.2012 | M, N |
